Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Состави број – 4/1

1 Најди ги сите четирицифрени броеви со различни цифри составени од цифрите на бројот 2018. Колкав дел од тие броеви се парни?

2 Најди ги сите четирицифрени броеви со исти цифри кои се поголеми од соодветниот комплементарен број до 10000. (Два броја се комплементарни до 10000, ако нивниот збир е еднаков на 10000.)

3 Најди ги сите четирицифрени броеви со различни цифри, составени од цифрите 1, 4, 6 и 9, кај кои збирот на цифрата на местото на единици и цифрата на местото на десетки е еднаков на збирот на цифрата на местото на стотки и цифрата на местото на илјади.

4 Најди ги сите четирицифрени броеви со различни цифри, чии цифри се парни броеви и при тоа цифрата на местото на илјади е поголема од цифрата на местото на стотки, која е поголема од цифрата на местото на десетки, која пак е поголема од цифрата на местото на единици.

Copyright © 2015 Математика +

Состави број – 4/1

Одговори

1 Бараните броеви се: 1028, 1082, 1208, 1280, 1802, 1820, 2018, 2081, 2108, 2180, 2801, 2810, 8012, 8021, 8102, 8120, 8201 и 8210. Има вкупно 18 броеви, од кои 14 се парни, значи 14/18, односно 7/9 од броевите се парни.

2 Броевите кои се поголеми од соодветниот комплелемтарен број до 10000 се броевите од 5001 до 9999. Па, бараните четирицифрени броеви со исти цифри се: 5555, 6666, 7777, 8888 и 9999.

3 Бидејќи 1 + 9 = 4 + 6, бараните броеви се: 1946, 1964, 9146, 9164, 4691, 4619, 6491 и 6419.

4 Цифри кои се парни броеви се: 0, 2, 4, 6 и 8. Бараните четирицифрени броеви се: 8642, 8640, 8620, 8420 и 6420.

Copyright © 2015 Математика +